**З А П И С Н И К**
**од 69- та седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на 16.10.2025 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 22 члена на Советот.

Потоа ја отвори 69-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:13 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа записникот од 68-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој.

Се премина кон гласање на Записникот од 68-та седница и по гласањето се утврди дека од 22 присутни, со 22 гласа „за", беше усвоен Записникот од 68-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог – одлука за доделување на награда за најстудент „Професор д-р Ѓорѓи Шоптрајанов" за 2025 година;
2. Предлог – одлука за доделување на награда за животно дело „Гемиџии" за 2025 година;
3. Предлог – одлука за доделување на 9-то Ноемвриски признанија на Општина Велес за 2025 година;
4. Предлог - одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација со поединечна класа на намена Г3 - Сервиси на ГП 18 и ГП 20 од ДУП: Детален урбанистички план за УЕ 2, УБ12, КО Велес, Општина Велес донесен со Одлука бр. 07-7149/4 од 30.09.2014 година;
5. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1124, дел од КП 1110/1, дел од КП 1110/3, дел од КП 1110/2 и дел од КП 1110/4, КО Башино Село, Општина Велес;
6. Извештај за работа на ЈКП „Дервен", Велес за период од I –VI месец 2025 година;
7. Извештај – Елаборат за проценета штета од природна непогода – град и поплава на ден 04.08.2025 година на територијата на Општина Велес;

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 22 присутни членови на СОВ со 22 гласа „за", истиот беше усвоен.

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Предлог – одлука за доделување на награда за најстудент „Професор д-р Ѓорѓи Шоптрајанов" за 2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за" се донесе Одлуката за доделување на награда за најстудент „Професор д-р Ѓорѓи Шоптрајанов" за 2025 година со која наградата се доделува на Марко Инѓилизов.

**ТОЧКА 2. Предлог – одлука за доделување на наградa за животно дело „Гемиџии“ за 2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Претседателот наведе дека е пристигнат Предлог од страна на Градоначалникот со арх.бр. 08-4838/1 од 14.10.2025 година за доделување на најпрестижната награда, Наградата за животно дело „Гемиџии“ за 2025 година со кој за добитник на наградата се предлага Петар Темелковски, македонски театарски и филмски глумец.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Одлуката за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2025 година со која наградата се доделува на Петар Темелковски.

**ТОЧКА 3. Предлог – одлука за доделување на 9-то Ноемвриски признанија на Општина Велес за 2025 година**

Александар Кукулев, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Претседателот наведе дека се пристигнати предлози од страна на Градоначалникот и тоа:

Предлог со арх.бр. 08-4838/2 од 15.10.2025 година за доделување на СПОМЕН - ПЛАКЕТА, со кој се предлага СПОМЕН - ПЛАКЕТА да се додели на Бошко Цилаков, дипломиран градежен инженер и Предлог со арх.бр. 08-4838/3 од 15.10.2025 година со кој се предлага да се додели Благодарница на Мото клуб “Носачи на крстот”- Велес.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Одлуката за доделување на 9-то Ноемвриски признанија на Општина Велес за 2025 година и тоа:

ПОФАЛНИЦА да се додели на:

1.Марјана Нацева
2.Трајче Илијевски
3.Киноверзум

БЛАГОДАРНИЦА да се додели на:

1. ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“
2. ОСУ „Јовче Тесличков“
3. Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес
4.Јасмина Дамјановска
5.Лила Арсова
6.Миле Манчевски
7. Мото клуб “Носачи на крстот”- Велес

СПОМЕН -ПЛАКЕТА да се додели на:

- Проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска,
- Проф. д-р Венко Андоновски,
- Проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, автори на тритомно издание „Кочо Рацин“ и
- академик Катица Ќулавкова, главниот редактор на изданието.
- Бошко Цилаков.

**ТОЧКА 4. Предлог - одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација со поединечна класа на намена Г3 - Сервиси на ГП 18 и ГП 20 од ДУП: Детален урбанистички план за УЕ 2, УБ12, КО Велес, Општина Велес донесен со Одлука бр. 07-7149/4 од 30.09.2014 година**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација со поединечна класа на намена Г3 - Сервиси на ГП 18 и ГП 20 од ДУП: Детален урбанистички план за УЕ 2, УБ12, КО Велес, Општина Велес донесен со Одлука бр. 07-7149/4 од 30.09.2014 година.

**ТОЧКА 5. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1124, дел од КП 1110/1, дел од КП 1110/3, дел од КП 1110/2 и дел од КП 1110/4, КО Башино Село, Општина Велес**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
Процедурално за збор се јави Трајче Миланов.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1124, дел од КП 1110/1, дел од КП 1110/3, дел од КП 1110/2 и дел од КП 1110/4, КО Башино Село, Општина Велес.

**ТОЧКА 6. Извештај за работа на ЈКП „Дервен“, Велес за период од I –VI месец 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на финансискиот директор на ЈКП „Дервен“, Велес, Васил Николов беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 11 гласа „за“, 5 гласа „против“ и 3 гласа „воздржан“ се усвои Извештајот за работа на ЈКП „Дервен“, Велес за период од I –VI месец 2025 година.

**ТОЧКА 7. Извештај – Елаборат за проценета штета од природна непогода – град и поплава на ден 04.08.2025 година на територијата на Општина Велес**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес, Тања Арсевска, беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се усвои Извештајот – Елаборат за проценета штета од природна непогода – град и поплава на ден 04.08.2025 година на територијата на Општина Велес.

Седницата беше закажана за во 10:00 часот, започна со работа во 10:13, а заврши во 10:38 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 25-
2025 година
Велес